**20171322672**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИО-ВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 19 септември 2017 година.

Бр. 08-3236/1
19 септември 2017 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелните услуги („Службен весник на Република Македонија” број 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 13/16 и 142/16), во членот 4 став (7) зборовите: „од средствата од наплатената радиодифузна такса“ се заменуваат со зборовите: „од средствата за финансирање на радиодифузна дејност“.

Член 2

Во членот 105 став (1) зборовите: „од радиодифузната такса,“ се заменуваат со зборовите: „средствата за финансирање на радиодифузната дејност,“ и зборовите: „и од средства обезбедени во Буџетот на Република Македонија за тековната година,“ се бришат.

Ставот (5) се брише.

Член 3

Во членот 109 став (1) зборовите: „радиодифузната такса“ се заменуваат со зборовите: „средствата за финансирање на радиодифузна дејност“.

Во ставот (3) зборовите: „средствата од радиодифузната такса“ се заменуваат со зборовите: „средствата за финансирање на радиодифузна дејност“.

Член 4

Насловот на глава VII се менува и гласи: „СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА РАДИОДИФУЗНА ДЕЈНОСТ”.

Член 5

Насловот пред членот 135 се менува и гласи:

„Средства за финансирање на радиодифузна дејност“.

Член 6

Членот 135 се менува и гласи:

„(1) Средства за покривање на трошоците за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и за работа на Агенцијата, се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) Од Буџетот на Република Македонија ќе се одвојуваат 0,5% за остварување на целите од ставот (1) на овој член.

(3) Од предвидените средства согласно со ставот (1) на овој член се финансираат следниве корисници:

- ЈП Македонска радио-телевизија,
- ЈП Македонска радиодифузија и
- Агенцијата.

Член 7

Членот 136 се брише.

Член 8

Членот 137 се брише.

Член 9

Членот 138 се брише.

Член 10

Членот 139 се брише.

Член 11

Во членот 140 став (1) зборовите: „Средства од наплатената радиодифузна такса“ се заменуваат со зборовите: „Средствата за финансирање на радиодифузната дејност“.

Ставовите (2) и (3) се бришат.

Ставот (4) станува став (2).

Член 12

Во членот 143 став (3) зборовите: „од радиодифузна такса“ се заменуваат со зборовите: „од средствата за финансирање на радиоифузната дејност“.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.